НОВА МАКЕДОНИЈА
# Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Година IV
број 40
24-25 Април
2008 год.

Осма проширена седница на Извршниот одбор на СЗПМ

## Потреба од „Државна социјална пензија“

Извршниот одбор на СЗПМ осмата седница, со која раководеше претседателот **Душко Шурбановски**, ја одржа заедно со членовите на Правно економскиот совет, при што, по опстојна дискусија, се донесе одлука за потпишување Меморандум за деловно техничка соработка со „Зегин"-Скопје за систем на бенефицирани услови за пензионерите во Република Македонија при купување лекови и други потреби во аптеките на оваа компанија, како и за здртавствени услуги во нивните амбуланти.

Посебен интерес предизвика и предлогот за операционализација на „Стратегијата за соработка на Владата на РМ со граѓанскиот сектор" со заложба за реализација на Меморандумот за разбирање потпишан од Владата и СЗПМ, особено во Управниот одбор на Фондот на ПИОМ да има членови од пензионерските организации, ослободување од плаќање партиципација за лекови и за лекување во здравствени установи на лица постари од 65 години, за изградба на пет пензионерски- старски домови и слично.

Се усвои и предлогот во системот на пензиското осигурување да се воведе категорија„ Државна социјална пензија" за граѓаните кои не оствариле право на пензија со навршени 65 години возраст. На тој начин се смета дека значително ќе се намали бројот на незгрижени стари, болни, неспособни и материјално необезбедени лица, а такви според статистичките показатели во Република Македонија има над 90.000. Тие претежно живеат во рурарните населби,оставени сами, без грижа од социјалната држава и од семејството.

Со оглед на тоа што социјалната заштита е во надлежност на единиците на локалната самоуправа се усвои заклучок СЗПМ да воспостави поголема соработка со ЗЕЛС .

На седницата се усвои и Правилник за условите, начинот и постапката за дозначување на средства за членарина на здруженијата на пензионерите, а беа донесени и одлуки за одржување 13.Републички пензионерски спортски натпревари во 2008 година и на Фолклорни ревии на песни, музика и игра, за што беа избрани Организациони одбори.

Беше разгледана и Информацијата за ефектите од функционирање на новиот систем за исплата на средства за посмртнина и членарина , со дозначените и исплатените средства за Солидарен фонд за починати корисници на пензија во периодот јануари-март 2008 година.

Членовите на Извршниот одбор донесоа и одлука за натамошно поинтезивно информирање на сегашните и идните пензионери.

**Д.Аргировски**


Извршен одбор на СЗПМ

Меморандум за разбирање и соработка помеѓу СЗПМ и Зегин

## Бенефицирани услови за пензионерите

Во рамките на европските стандарди деновиве во хотелот „Холидеј Ин" во Скопје се одржа пригодна промоција на Меморандумот за разбирање и соработка помеѓу Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и ЗЕГИН-доел- Скопје, со што ќе се овозможат посебни бенифиции за пензионерите на полето на фармацијата, повластени здравствени услуги, купување на лекови на рати и слично.




фото:Живко Илиевски

Во присуство на претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија **Ванчо Муратовски**, министерот за труд и социјална политика **Љупчо Мешков** и претставници од речиси сите здруженија на пензионери во нашата земја, за значењето на оваа ретко хумана акција од национален интерес зборуваа **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ и **Благоја Механџиски**, генерален директор на Зегин, кој, меѓу другото, посебно акцентира дека како секторски лидери во Република Македонија и прва приватна компанија на Балканот имаат опстојни сознанија за зголемена потреба од медицинска нега на пензионерската популација и дека новиот приод е преземен од партнерските односи со исландската мултинационална компанија Мајлстон, која е присутна во фармацијата, медицината, банкарските и финансиските институции во 48 земји во светот.Според менаџерот Механџиски покрај лекови на кредит без камата, пензионерите со комбрендирана платежна картичка на Зегин и НЛБ Тутунска банка ќе имаат можност и за повластени систематски прегледи и други здравствени услуги.

Претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** очекува овој проект и новина која за прв пат се нуди на пензионерската популација, во практика да има мошне поволни ефекти за околу 220.000 пензионери потенцијални корисници на овие бенифиции.

На собирот **Станка Мартиновска**, заменик генерален директор на Зегин илустративно ги објасни придобивките на корисниците на кредитната картичка на компанијата Зегин и НЛБ Тутунска банка за набавка на скапи лекови во нивните аптеки и тоа на кредит во износ до три месечни пензии без камата, а во нивните амбуланти ќе биде овозможено и два пати годишно бесплатни систематски прегледи.





Според извршниот секретар на организацијата „Проект Развој Македонија" **Ѓоко Трајковски** оваа новина за пензионерите членки на СЗПМ треба да стартува во практика во втората половина на идниот месец.

Собирот го поздрави и **Ванчо Муратовски**, претседател на ССМ кој ја потенцираше иницијативата СЗПМ да се врати во семејството на Сојузот на синдикатите на Македонија, како колективна членка, бидејќи интересите се исти и взаемни.

**Драги Аргировски**

Од работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија

## Остварени најдобри резултати во транзицијата

На седницата на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ, што се одржа на 1 април, дискусијата на членовите беше посветена на Извештајот за работата на Фондот во 2007 година и остварените резултати. Неподелено мислење на сите членови е дека минатата година посебно ќе остане забележана во работата на Фондот на ПИОМ, бидејќи се постигнати најдобри финансиски резултати од сите изминати години од транзицијата во нашата Република, дека квалитетно се продолжило со реализирањето на пензиската реформа и дека претстојните зафати даваат гаранција со овие успеси да се продолжи и во оваа 2008 година.

Кои се тие резултати?

Во прв ред извршено е интензивирање на активностите на Фондот на ПИОМ во спроведувањето на новите процеси за наплата на придонесите, како и нивна интеграција. За спроведувањето на овој зафат беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со што се создадоа основи Фондот на ПИОМ да ги пренесува придонесите за здравствено осигурување и за вработување на сметките на Фондот за здравствено осигурување и Агенцијата за вработување. Исто така, во текот на 2007 година, интензивно се работеше и на дозавршувањето на сите процеси за наплата на придонесите. Во исто време, зголемувањето на платите за 10% во нашата Република, придонесе и за зголемување на вкупните средства што се собираат по основ на уплатени придонеси.

Ваквите позитивни резултати остварени во работата на Фондот на ПИОМ, придонесоа да се изврши и измена на постојниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, во делот на усогласувањето на пензиите, односно се предложи истото за пензиите да се врши со 50% од порастот на платите на вработените и исто толку проценти од порастот на трошоците на животот.

Но, треба да се истакнат и обемните активности извршени во делот на матичната евиденција, со цел да се обезбедат точни, комплетни и ажурни бази на податоци за осигурениците и корисниците на пензии. Всушност, со овој зафат во минатата година, целосно е дефиниран процесот, со што од добиените месечни податоци за пресметана плата и уплатениот придонес се добиваат податоци на годишно ниво, кои потоа се користат во постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Во минатата година, во подрачните единици на Фондот на ПИОМ имало за решавање 34.187 барања, од кои се решени 33.509, а останале за решавање годинава уште 678 предмети. Тоа е како резултат на максимално порасната работната ангажираност на вработените од една и целосната автоматизираност во постапката, од друга страна.

Да го додадеме уште и ова: во 2007 година, поради остварениот ангажман на вработените за прибирање на придонесите, во Фондот на ПИОМ е остварен вишок на приходи над расходите од 1.283,70 милиони денари, што претставува пораст од 3,8% во однос на вкупните приходи, а тоа е најдобар финансиски резултат остварен во сите транзициски години во нашата Република. Лани, исто така, извршени се 3.650.000 денари исплати на корисниците на пензии и 177 илјади денари плаќања за телесно оштетување. Исплатата на пензии се врши 47,5% по пошта, а 52,5% преку банка. Се смета дека придонес за успешната работа има менаџерскиот тим на чело со директорот и сите вработени.

**М-р. Снежана Кутузовска**

**СРЕКНИ ВЕЛИГДЕНСКИ И ПРВОМАЈСКИ ПРАЗНИЦИ**

## ВО ПОСЕТА НА...

Здружение на пензионери во Кочани

# Година на нови предизвици и прогрес

Секоја посета на пензионерската организација во градот на оризот- Кочани предизвикува посебен интерес, поради плодотворната активност и воведување нови форми за ангажирање на што поголем број пензионери.

Таков белег имаше и проширената седница на Собранието на Здружението на пензионерите во Кочани, на која присуствуваа претседателот и секретарот на СЗПМ Душко Шурбановски и Чедо Георгиевски, како и други гости.



Во полната сала на Клубот на пензионерите од 38 присуствуваа 37 членови, а сите материјали за отчетно-програмската седница беа разгледани и во 17 ограноци на територијата на општините Кочани, Зрновци и Чешиново-Облешево каде вкупно има над 5.000 старосни и семејни пензионери. За убавата атмосфера свој придонес имаа и украсените зидови на Клубот на пензионерите со над 80 благодарници и признанија што во изминатиот период, по разни поводи, ги има добиено Здружението на пензионерите во Кочани, како едно од најдобрите во нашата земја.

Претседателот на Здружението **Ѓорѓи Серафимов** во сублимираното уводно излагање посебно се задржа на активностите во минатата и Програмата за работа во оваа година, како и на финансиското работење, во што поради рационалното и домакинско работење и овој пат се остварени позитивни резултати. Во соработка со СЗПМ и здруженијата на пензионерите од регионот биле преземени сите активности за реализација на уставни права на корисниците на пензија, за подобрување на здравствената заштита, зголемувањето на пензии, за помагање на социјално загрозените и болни пензионери и слично. Серафимов ја истакна и соработката со локалната самоуправа и потребата од доизградба на Управната зграда на здружението што се наоѓа во централното градско подрачје и изградба на нов регионален дом на пензионерите.

Во дискусијата во која учествуваа: **Лазар Митев, д-р Павлина Тодосова, Љубица Накова, Харалампие Арсовски, Ташко Костов, Иван Димитров, Иван Павлов** и други стана збор за поголема едукација на пензионерите, за проблемот со снабденоста со лекови и за подобрување на квалитетот на живеењето.Во дискусијата **Петар Ефремов** преставник на Собранието на општина Кочани, **Мима Арсова и Марија Иванова**, раководителки на подрачните единици на Фондот на ПИОМ и на ФЗЗО ја истакнааа успешната соработка со Здружение на пензионери во Кочани. Учествувајќи во дискусијата претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** се заложи за воведување „Државна социјална пензија" за стари лица над 65 години кои живеат без никаков приход и немаат пензија и да се дефинира најнискиот износ на пензиските примања во однос на трошоците на живот.

Пензионерската асоцијација во Кочани и за 2008 година усвои сеопфатна програма, за чија реализација е потребна уште поголема активност и рационално и наменско искористување на финансиските средства.

- Веруваме дека во тоа ќе успееме, нагласи Серафимов, со предходен благослов за луѓето од трета доба за добро здравје и долг живот и реализирање на оваа и идни програми.

**Д.Аргировски**

Здружение на пензионери – Штип

# Успешна пресметковна година

Во Здружението на пензионери во Штип имавме успешна пресметковна 2007 година, рече претседателот **Мишо Кралев**. На годишното собрание на здружението беа разгледани и усвоени сите извештаи поднесени од претседателите на комисиите.



Михаил Данев

Посебно внимание се обрна на одлуките и решенијата донесени на Извршниот одбор, а посебно на завршната сметка која темелно беше разгледана, потоа усвоена од старна на членовите на Собраниеѓто.

Според поднесениот извештај од страна на финасискиот работник - сметководител се гледа дека финаиското работење на здружението е добро, бидејќи е под планираното во однос на делот на одливот на финасиските средства, додека приливот на средствата е според очекуваните плански параметри. Поради тоа деловната година е завршена позитивно.

Оваа добивка не се должи на рестрективните мерки во трошењето на пензионерските средства, туку во домаќинското работење, каде поголем акцент се става на трошење на трансфер - повратните средства на пензионерите. Тоа посебно се однесува на делот на стандардот, на културно забавниот живот на пензионерите, спортот и рекреативните дружења во активот на жени пензионерки.

Партиципацијата од овие средства, рече секретарот **Михаил Протогеров**, се вложуаат за бањски лекувања, за рекреација на пензионерите во дневни посети на значајни места во Републиката со тоа што учесниците во тие патувања плаќаат половина од превозните трошоци, а каде што има мени се признава превоз во целост, при што се внимава секогаш корисници да бидат нови лица.

Остатокот од средствата е прикажан како добивка од која се гледа способноста на раководство за рационално трошење на средствата и домаќинско работење со капиталот на здружението. Наменски се користени и средствата од Солидарниот фонд, а пензионерите од Штип очекуваат Уставниот суд да ја прифати иницијатвата и да донесе позитивна одлука, како пред неколку години, за враќање на овие средства на пензионерските здруженија.

**Ц.Спасикова**

Здружението на пензионерите на Охрид и Дебарца

# И натаму солидарно осигурување на 254 брачни другарки

По донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за ПИОМ од Парламентот, во знак прашање беше ставено и осигурувањето на брачните другарки на пензионрите, кои во својот животен век не оствариле никакво право на пензија, и по тој основ не им следуваат средства од Солидарниот фонд.

Со примената на измените на Зкаонот за ПИОМ, Здружението на пензионерите по ова прашање се најде во многу незавидна состојба. Што понатаму, дали да го продолжи осигурувањето на сопругите на пензионерите, дали да го укине и да им се вратат парите на осигурениците, и доколку го продолжи, дали и кој ќе го извршува, Фондот за ПИОМ или Здруженеито на пензионерите.

Имајќи ги предвид потешкотиите на пензионерите, нивниот низок стандард на живеење и ниските пензии, Извршниот одбор на Собранието на здружението на пензионрите од општина Охрид и Дебарца, едногласно донесоа Одлука да го продолжи осигурвањето на сопругите на пензионерите.

Солидарното осигурување на сопругите на пензионерите се применува од 1995 година. По овој основ во двете општини се осигурани 254 жени. Осигурувањето се плаќа на две рати. Првата во почетокот на годината, а втората рата, на средината од годината. Средства се уплатуваат на посебна сметка на здружението на пензионерите и тие се строго наменски. Висината на погребнина од Солидарнито фонд е 30.000 денари, како кај сите пензионери.




**К. Спасески**



Клуб на пензионери

Здружение на пензионери во Дебар

# Со взаемна соработка кон успеси



Бесник Поцеста

Убав пролетен ден. Во живописната долина на реката Радика со возилото патуваме кон Дебар заедно со претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски, почесниот претседател Вите Исјановски и возачот Најдо Ефтовски. И додека почесниот се потсетува на деновите на детството и младоста минати во овој крај, уживаме во прекрасниот амбиент на Радика, во природните убавини и во одблесокот на сончевите зраци од бистрите води на реката што живот зрачат и значат.

Во центарот на Дебар кај Домот на пензионерите се остварува срдечна средба со повеќе пензионери дојдени да присуствуваат на проширената седница на Собранието на Здружението. Во Домот се и работните простории на организацијата, како и современо уреден Клуб за дневен претстој на пензионерите и насекаде е истакната пораката „ Добро дојдовте во вашата куќа". Покрај од Скопје, гости имаше и од Здруженијата на пензионерите од Тетово, Охрид, Струга и Лабуништа.

Во таков амбиент во големата сала на Домот се одржа седницата на Собранието на која се разгледа Извештајот за работата на органите и телата на ова Здружение за 2007 година со завршната сметка на приходите и расходите, Програмата за работа за 2008 година со Финансиски план, а се расправаше и за Солидарниот фонд за погребнина кој од почетокот на оваа година е во надлежност на подрачната единица на Фондот на ПИОМ.

Во уводните напомени што ги изнесе **Бесник Поцеста**, претседател на Здружението на пензионерите на Дебар и Центар Жупа истакна дека ангажирањето на околу 2 илјади пензионери од овој регион главно било насочено кон заштита и унапредување на нивните права што произлегуваат од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, за подобрување на здравствената заштита, за културните, спортските и хуманитарните потреби, за зголемена соработка со невладините организации и слично.Посебно беше акцентиран проблемот со недостиг на лекови и за покренатата акција за отворање аптека во Центар Жупа. Претседателот Поцеста потенцира дека и во минатата година се работело домаќински, така што се остварени позитивни финансиски резултати, а се очекува таа традиција да продолжи и во 2008 година.

Почесниот претседател **Вите Исјановски** добиените материјали за седницата ги оцени како целосни , јасни и прецизни и дека Здружението покажало видни активности со заложба да се развива поголема соработка со синдикатите, како што соработуваат пензионерските организации со европските синдикати. наведувајќи ги при тоа примерите на Италија и Франција и дека во земјите од Европската унија грижата за старите лица е подигната на високо ниво.

Претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** информираше за минатогодишната успешна работа на Сојузот и за Програмата за работа за 2008 година, како и за покренатата постапка на Уставниот суд за оценување на измените од Законот за пензиско и инвалидско осигуруваньсе во врска со Солидарниот фонд за посмртни трошоци на пензионерите и се заложи за поголема социјална грижа на државата, за подобрување на соработката на Владата со граѓанскиот сектор и на здруженијата на пензионерите со Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Во дискусијата учествуваа и раководителите на подрачните единици во Дебар на Фондот на ПИОМ и на здравство **Астрит Шарку и Или Муладаути**, гостите **Рамиз Ќазимовски,Садик Колеци, Ѓурица Ристоски, Нервет Јашари, Ѓорѓи Трпчески** и **Драги Аргировски**, како и членови на Собраниеѓто и Надзорниот одбор и претседатели и секретари на ограноци: **Ирфан Уштеленца, Лиман Џемоски, Гафур Боличи, Марионка Уштеленца, Алија Исламоски, Џавид Карпузи** и други. При тоа беа поздравени постигнатите резултати и беа дадени насоки за помасовни активности на полето на културните самодејности и спортот, на Активот на жени пензионерки, како и за нови зафати во информирањето на членството и слично.

Секако и кај пензионерите во Дебар живот зрачи.

**Драги Аргировски**

МОЗАИК

# Состојбата на домовите за одмор и рекреација на пензионерите

*- Потреба од реконструкција и трансформација*
*- Зголемени пансионски цени во домовите во Катлановска Бања и Претор на 600 денари, а во Банско на 700 денари*



Хотел на пензионерите - Претор

Комисијата за општествен стандард на корисниците на пензија при Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на својата последна седница опстојно расправаше по поднесената информација за користењето на пензионерските домови за одмор и рекреација.Како што е познато и во минатата година беа создадени можности пензионерите организирано да престојуваат во домовите „Спиро Захов"- Банско, „Перо Стојановски"-Катлановска Бања и во „Претор" кај Преспанското Езеро. Во сите нив во текот на 2007 година престојувале вкупно 2.331 корисник, од кои најмногу во Банско 1.714, потоа Претор беше искористен со 80 отсто или 25 отсто повеќе од предходната година. Тука главно престојувале пензионери од Скопје, Куманово, Битола и Штип. Констатирана е потреба од инвестиционо и тековно одржување и набавка на нова опрема.

За користење на домот „Перо Стојановски" во Катлановска Бања најголем интерес владееше кај пензионерите од Кичево, Тетово и Куманово, а капацитетот беше искористен со само 31 отсто или за 17 отсто помалку од предходната година.Условите за престој на корисниците на пензија во овој дом се многу лоши, за што постои и записник од Републичкиот здравствен инс-



Хотел „Спиро Захов" - Банско

во Претор 341 и во Катлановска Бања 276 лица.

Домот во Банско со својата местоположба и природните ресурси има прекрасни можности за успешно работење.Овде најмногу пензионери престојувале од Пробиштип, Берово, Кратово, Куманово, Свети Николе, Велес, Струга, Гостивар, Крива Паланка, Струмица, Тетово, Штип и Скопје. Сепак, поради руинираноста и стара и дотраена опрема капацитетот во 2007 година бил искористен со само 32 отсто, поради што Трговското друштво „Спиро Захов" последните десет години покажува само негативни финансиски резултати.

Слична е и ситуацијата и со Трговското друштво„ Борец "од Битола, како и предходното формирано од Фондот, кое стопанисува со домовите во Претор и Катлановска Бања. За време на летната сезона хотелот во пекторат.Меѓу другото, потребна е санација на покривот на домот, набавка на 40 кревети, душеци и постелина, нови бојлери и друго.

Поради ваквата ситуација Комисијата ја констатира потребата од трансформација на трговските друштва и издавање на објектите под долготраен закуп или концесија, но не отуѓување. Со тоа би се вклопиле во владината програма за развој на туризмот, со можности за инвестиции и создавање подобри услови за престој на пензионерите.

Комисијата донесе и одлука за зголемување на пансионските цени во 2008 година во домовите во Претор и Катлановска Бања од 450 на 600 денари, а во Банско од 500 на 700 денари. Право на користење на домовите имаат корисници на пензија и нивните брачни другари.

**Андон Марковски**

# Во Куманово традиционална „Шегобијна разгледница"

По повод Денот на шегата "Први април Комисијата за културно уметнички самодејности на Здружението на пензионерите во Куманово ја реализира програмската содржина "Шегобијна разгледница".

На распишаниот награден литературен конкурс се пријавија пет пензионери со шегобијни творби. Жири комисијата во состав: Станко Јордановиќ, Трајче Николовски и Мица Лазаревска одбра три творби а авторите ги наградија со книги.

Прва награда ја доделија на творбата "Наш имиџ наш град" од Живка Милошевска, втора на "Предизборна кампања" од Зора Ивановска и трета на "Измена на закон за работни односи" од Влајко Петровски.

Доделувањето на наградите беше пропратено со културно-уметничка програма во која земаа учество хорот со песните "Ој Недо, Недо"и "Вчера појдов мила мамо", дует Достана Ивановска и Петар Димовски со песната "Го пратиле дедо" и Симеон Бојаџиевски со песната "Слегов долу во избата".



Сите автори учесници на Конкурсот ги прочитаа своите лични творби, што беше поздравено со аплауз.

Програмата успешно ја водеше Новко Петрушевски кој заедно со Надежда Булатовиќ изведоа кратка шегобијна едночинка "Априлско пиво".

Наградите со пригодна рече ги додели претседателот на Комисијата за културно уметнички самојдености Виолета Деур, која воедно ја промовира и прекасната униформа на женскиот дел од хорот.

И оваа година интересот за присуство беше многуброен. Првичниот договор беше програмата да се реализира во фоаето на Центарот, но од некои непознати причини тоа беше изменето.

Комисијата за Културно уметнички самодејнсоти на ЗП "Куманово" констатира дека "Шегобијна разгледница" беше успешно и професионално реализирана што го потврдија и бројните честитки од присутните.

**Комисија за КУС при ЗП**

Кај скопското езеро Треска

# Пролетна средба на пензионерки од нашата земја



Деновиве кај вештачкото езеро Треска во Скопје се одржа Шестата традиционална средба на околу 450 пензионерки од повеќе градови во нашата земја што ја организираше Здружението на пензионерите од општина Ѓорче Петров. Средбата со пригоден говор за отворена ја прогласи **Верица Мишкова**, претседателка на Здружението, а гостите ги поздрави и **Мира Јефтиќ**, претседателка на Извршниот одбор.

Посебно за значењето на ова дружење говореше **Даринка Коречевска**, претседателка на Активот на жени пензионерки , посочувајќи дека треба да се цени искреноста и добрината, заедништвото и пријателството, кое благодарејќи на овие средби станува најмалку два пати посилно, поинтензивно и поголемо.

Во убава атмосфера, со песна и игра, се дружеа пензионерки од Прилеп, Велес, Штип, Битола, Струга, Кичево, Гази Баба- Скопје, Кратово, Свети Николе, Виница, Ѓорче Петров и други.

**Д.Арг.**



ПОЕТСКО КАТЧЕ

Наградена песна на поетска средба во Куманово

## Родино во срце те носам

**Која е, која е земјата моја?**
**Онаа, каде што како малечка сум донесена**
**Или оваа каде што сум преку граница пренесена**

**Која е, која е земјата моја?**
**Онаа каде што сум се родила**
**Или оваа каде што сум проодила**

**Која е, која е земјата моја?**
**Онаа што на сон ми иде**
**Од приказните на роднините мои**
**Или оваа каде што имам пријатели свои**

**Која е, која е земјата моја?**
**Онаа за која татко ми го затворија**
**И по дваест години го ослободија**
**Или оваа каде што мајка ми живееше**
**И по него копнееше**

**Која е, која е земјата моја?**
**Онаа каде посакав да бидам**
**И со сетра ми да се видам**
**Или оваа овде каде братот ми го донесоа**
**Што од страшната војна, со многу деца**
**Во туѓи земји ги разнесоа, ги однесоа**

**Јас можам за таму да сонувам**
**Но овде животот го минувам**
**Јас можам за таму песни да пеам**
**Ама овде работам и живеам**

**Да знаеш, да знаеш!**
**Немој да патиш и да се каеш**
**И двете се твори Андонија**
**И двете се Македонија**
**И двете се твоја родина**
**И двете се твоја судбина**
**И двете се твоја ИДНИНА.**

**Дона Стојановска, пензионерка од Пробиштип**

ФОТО ВЕСТ

Културно-уметничкото друштво „Весели пензионери" во Пробиштип ги започна подготовките за престојните настапи во нашата земја и надвор од неа.

Директорките на фестивалот „Пеце Атанасовски" во Долнени Весна Вучиќ и Захаринка Милосавлевиќ при престојот во Пробиштип од прикажаната богата програма на друштвото за фестивалот ги одбраа: женското трио со песната „Богдан оре пред Велигден", машкото трио со „Што ти текна Пендо" и машката пејачка група со „Јована турци грабиле", додека инструменталистите ќе учествуваат со сплет ора од пробиштинско.



Интезивни се и подготовките за регионалната ревија на песни, музика и игри што ја организира СЗПМ, за концерти во разни градови, како и за соработката со гостите од Холандија кои донираа 450 евра за набавка на инструменти.

**М.Здравковска**